Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за труд
и социјална политика
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Бр. - Nr 10-8599/3
31.12.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE,
DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 10-8599/3
31-12-2024 20 год. / viti

Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# Интерна процедура за обезбедување на финансиска поддршка на приоритетни проекти/програми на Национални инвалидски организации согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија

Скопје, ДЕКЕМВРИ 2024 година

**Интерна процедура за обезбедување на финансиска поддршка на приоритетни проекти/програми на Национални инвалидски организации согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија**

## 1. ПРЕДМЕТ

1.1. Со оваа процедура се утврдуваат критериумите и методологија за рангирање и избор на проекти/програми на Националните инвалидски организации за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија

## 2. ЦЕЛ

2.1. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2025 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

2.2. Разгледување и оценка на проекти/програми за националните инвалидски организации за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка ќе врши Комисија за оценување и избор на поднесените проекти/програми од страна на националните инвалидски организации, формирана со решение на министерот социјална политика, демографија и млади.

## 3. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3.1. Оваа процедура се применува при избор на проекти/програми на националните инвалидски организации за кои ќе биде обезбедена финансиска поддршка согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија;

3.2. За доследна примена на оваа процедура одговорни се членовите на Комисијата за оценување и избор на поднесените проекти/програми од страна националните инвалидски организации, формирана со решение на министерот за социјална политика, демографија и млади.

## 4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

4.1. Законот за игрите на среќа и забавните игри
4.2 Закон за социјална заштита
4.3. Закон за инвалидски организации
4.4. Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија
4.5. Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2025 година. (ќе се донесе по постапката на избор)
4.6. Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2025 година. (ќе се донесе по постапката на избор)

## 5. <u>ПРОЦЕДУРА</u>

5.1. Согласно приоритетите на Министерството за социјална политика, демографија и млади, вид на активности кои ќе се финансираат во 2025 година во рамки на цел 1 од Јавниот конкурс за финансирање на програмските активности на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија, се активности насочени кон давање на услуги, помош и поддршка на лицата со попреченост во насока на нивна социјална инклузија и унапредување на квалитетот на живот.

5.2. **Комисијата, ќе врши разгледување и оценка на поднесените барања** и избор на програмски активности на Националните инвалидски организации кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2025 година ќе врши согласно:

- структура на програмата: област во која што истата ќе се реализира, времетраење на програмата и проектот, број на крајни корисници кои што ќе бидат вклучени во програмата или проектот, можност за нејзино понатамошно развивање и одржливост;
- целите кои што ќе се постигнат како што се опфатот на реализирани активности кои што се од јавен интерес и степенот на унапредување на состојбите во областа во која што програмата или проектот се спроведува ;
- организациски капацитети и човечки ресурси за спроведување на програмите и транспарентно управување со јавните финансии;
- законитост и ефикасност на претходно искористени средства на претходно реализираните програми и проекти од ист вид.

5.3. Трошоци од програмите подобни за финансирање се:

- бруто плати: износите на бруто плати за вработените лица ангажирани во реализација на програмски активности кои треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот;
- трошоци за канцелариски материјал/опрема;
- режиски трошоци;
- трошоци за реализација на проекти/програмски активности во насока на унапредување на состојбата на лицата со попреченост

5.4. Министерството за социјална политика, демографија и млади има право да преговара со подносителот по однос на дефинирање на активностите и буџетот на предложените програми на основа на препораки добиени од Комисијата за оценување и избор на поднесените програми од страна на Националните инвалидски организации.

**6. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА**

6.1. Процедурата стапува на сила со денот на заверка во писарницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**7. ДОСТАВУВАЊЕ**

7.1. Оваа процедура ќе биде објавена на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Изработил: М. Панчевска
Контролирал:м-р С. Лазова Здравковска
Одобрил:Д. Аслани
Согласен:Fatmir Sabriu Државен секретар

**Министер**
**Fatmir Limani**